РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 19.05.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 668/1 | | |

До: Општина Валандово

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од Адвокат [redacted] од [redacted] тел: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМбр.101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер :

“Според Урбанистичкиот план на Општина Валандово барам информација за ширината на ул. Крушевска бр.16 (улица 2125) во Валандово и ширината на ул. Крушевска бр. 8 (улица 2112) во Валандово и појаснување за категориите на двете улици”

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

-а) увид

-б) препис

-в) фотокопија

-г) електронски запис

-д) друго

Начин на доставување на информацијата:

-а) по пошта

-б) телефон

-в) факс

-г) е маил

-д) друго РАКА

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дата:
19.05.2025г.
--------------------

[redacted]

[redacted]

Примил: 20.05.25 [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-668/2
20.05.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] од 03.04.2025 година, заведено под бр.10-452/1 од 03.04.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 01/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено на 19.05.2025 година од [redacted] како барател на информација, заведено под бр.10-668/1 од 19.05.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово ја има и ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е иматели на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: С. Димитров [redacted]
Контролирал: В.Лазов
Одобрил: С.Христова Јовановиќ [redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-668/3
20.05. 2025 год.
Валандово

Општина Валандово

Република Северна Македонија

ДО

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 19.05.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 19.05.2025 година, заведено под бр. 10-536/1од 22.04.2025 година,во кое барате информација за ширина на улиците Крушевска бр. 8(улица 2112) и Крушевска бр. 16(улица 2125) во Валандово, Ве известуваме дека ширината и на двете наведени улици со тротоари од двете страни е по 8 метри. Истите се изградени согласно Деталниот урбанистички план за град Валандово од 1978 година, донесен со Одлука бр. 02-2937/1 од 25.09.1978 година.

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

[redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар“ бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044